Скопје, 29.01.2015

**Предмет: Барање за понуда**

За потребите на ПАКОМАК ДОО, доколку сте во можност Ве молиме да ни доставите **понуда за надоместок за собрани количини на отпад од пакување**. Потребно е да ни доставите единечни цени за надоместок за собирање отпад од пакување по тон (пластика, хартија, стакло, лименки, композит) и тоа според следниве количина на собран отпад:

- За вкупно собран отпад од пакување:
  - од 0-50 тони месечно
  - од 50-100 тони месечно
  - од 101 – 200 тони месечно
  - Од 201-350 тони месечно
  - над 350 тони месечно

Доколку во количините за кои ќе доставите понуда има различни типови на отпад, потребно е да се наведе секоја цена пооделно за тип на отпад од пакување.

Доставените документирани собрани количини треба да бидат доставени најдоцна до 10 ден во тековниот месец, а да се однесуваат на собраните количини за претходниот месец. Доколку не сте последен поседувач на отпадот потребно е да обезбедите веродостоен документ (дозвола за складирање, извозна декларација) од крајниот поседувач на отпадот од пакување, при тоа треба да се внимава да не дојде до двојно евидентирање на количините со истите од некој друг приватен систем за собирање на отпад од пакување.

Истовремено, како неодвоив дел од понудата потребно е да ни доставите копии од:

- Дозвола за вршење на дејност трговија со неопасен отпад,
- Дозвола за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад и
- Дозвола за вршење на дејност складирање и третман и/или преработка на отпад.

Во понудата треба да биде наведен и бројот на средства (по тип и капацитет) со кои се врши собирањето на отпадот од пакување во Вашиот независен собирачки систем.

Рок на доставување на понудите е најдоцна до 09.02.2015!

Со почит,
Игор Макалоски
Оперативен менаџер
ПАКОМАК ДОО